**ОБРАЗЕЦ**
**ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЈВФК НА НИВО НА ИНСТИТУЦИЈА**

| Стратегија за ЈВФК (општа цел) | Тековна состојба | Изведени СМАРТ[1] цели | Активности | Одговорни лица | ЦЕХ[2] поддршка и следење (мониторинг) |
|---|---|---|---|---|---|
| | | T1 - T4 | T1 T2 T3 T4 | | |
| Институционално ниво | | | | | |
| **Во субјектите треба да има управувачка рамка која ги опфаќа елементите на ЈВФК.** *Од оваа општа цел се добиени следните оперативни цели:*<br>*+ <u>Единици за ФУК[3] се основани</u> во оние институции кои се предвидени со одредбите од Законот за ЈВФК. Единиците за ФУК имаат раководител и се екипирани и обучени да ги извршуваат своите задачи на ефикасен и ефективен начин.*<br><br>*+ <u>Единици за ВР се основани</u> во оние институции кои се* | | | | | |

[1] СМАРТ критериуми = конкретни, мерливи, остварливи, реални и навремени
[2] Централна единица за хармонизација = Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола во Министерството за финансии
[3] Финансиско управување и контрола

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *предвидени со одредбите од Законот за ЈВФК. Единиците за ВР имаат раководител и се екипирани и обучени да ги извршуваат своите задачи на ефикасен и ефективен начин.*<br><br>*+ Постојат комитети за ФУК и ВР на централно ниво, кои периодично се состануваат.*<br><br>*+ Комитетите за ревизија се воспоставени и функционираат во институциите кои се предвидени со одредбите од Законот за ЈВФК.* | | | | | |
| Менаџерска отчетност & одговорност и ФУК | | | | | |
| **Единиците за ФУК на институциите имаат добра соработка со раководството и соодветните сектори донеле планови за спроведување на ФУК. Плановите се прифатени од страна на раководителот на субјектот.**<br><br>*Раководителот на* | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *институцијата е информиран од ЦЕХ за ФУК и убеден е за додадената вредност, тој ги информира вработените во институцијата за спроведувањето на јавната внатрешна финансиска контрола.* | | | | | |
| **ФУК се спроведува врз основа на меѓународно прифатените стандарди за внатрешна контрола преку примена на:**<br><br>- **Контролна средина**<br>- **Управување со ризици**<br>- **Контроли**<br>- **Информации и комуникација**<br>- **Мониторинг**<br><br>Затоа потребно е:<br><br>*+ Раководителот на субјектот ги дава потребните овластувања на еден или повеќе извршни раководни лица кои се хиерархиски подредени на него според правната рамка за ЈВФК.*<br><br>*Задачите, општите цели и овластувањата кои се* | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *дадени се доволни за извршување на овие задачи. Делегираните овластувања се јасни на оние на кои им се делегирани.*<br><br>+ Буџетот се подготвува и извршува на децентрализиран начин (според Правилникот за спроведување на општите финансиски процеси). Во рамки на субјектот програмите и буџетите се јасно поврзани. | | | | | |
| **Поднесени годишни извештаи (заеднички извештај за ФУК & ВР и потпишана изјава за квалитет од страна на раководителот на субјектот)** | | | | | |
| **Подготвени и донесени процедури во согласност со Правилникот за спроведување на општите финансиски процеси.**<br><br>*Да се елаборира план за организација и овластувања. Финансиските процеси се редизајнирани според планот. Преструктурираните* | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *финансиски процеси се извршуваат соодветно* | | | | | |
| **Внатрешна ревизија** | | | | | |
| **Зголемена (подигната на повисоко ниво) свесност на врвното раководство во насока на подобро разбирање на функцијата на внатрешна ревизија (додавање вредност и помагање за подобрување на работењето во институцијата).**<br><br>*За да се постигне ова единиците за ВР треба активно да се стават себеси во центарот на вниманието на раководството со покажување на додадената вредност преку добри примери, добра комуникација итн.* | | | | | |
| **Организациски и функционално независна внатрешна ревизија**<br>**-организационо и функционално независни единици за внатрешна ревизија кои се директно и единствено одговорни на раководителот на субјектот**<br>**- независни внатрешни ревизори при** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **планирањето, извршувањето и информирањето;<br>- Внатрешните ревизори единствено да ја извршуваат функцијата на внатрешната ревизија.** | | | | | |
| **Квалитетно извршување на функцијата на внатрешна ревизија согласно меѓународните стандарди за внатрешна ревизија, Законот за ЈВФК и подзаконските акти, како и примена на принципите од Етичкиот кодекс на  внатрешните ревизори.** | | | | | |
| **Извршување на внатрешната ревизија според стратешкиот и годишниот план на внатрешната ревизија изготвени врз основа на реална проценка на ризици.** | | | | | |
| **Сертифицирани внатрешните ревизори, особено раководителите на единиците за внатрешна ревизија.** | | | | | |
| **Спроведување на сите видови на ревизии кои се предвидени со Законот за** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЈВФК во сите субјекти од јавниот сектор.**<br><br>*Оваа цел треба да биде во согласност со целите и амбициите кои се наведени под број 6* | | | | | |
| **Мотивирана внатрешна ревизија, намалена флуктуација на внатрешните ревизори и истовремено развој на ФУК и ВР (а не развој на едниот елемент на ЈВФК, за сметка на другиот).**<br><br>*Да се има мотивирани вработени може да се постигне во поглед на добра перспектива за кариера, можности за обука, работа со предизвици итн. Забележете ја врската со двете претходните цели.* | | | | | |

Раководител на единицата за финансиски прашања

______________________________

Раководител на единицата за внатрешна ревизија

______________________________